МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

WE EFFECT

**ОГЛАС**

Датум на објава: 12.08.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница", кој што го спроведува во партнерство со здружението на жени фармери Моја Фарма од Гостивар, објавува јавен повик за изразување на интерес од страна на медиумските куќи за изработка на новинарска сторија под мотото– И таа е тука! (се мисли на руралната жена), а која што ќе ги опфати сите сегменти од животот на една активна носителка на семејно земјоделско стопанство, вклучувајќи ја тука и страната на институциите.

Потребно е сторијата да се емитува на една национална ТВ и на минимум 2 локални како би допрела до што е можно пошироко публика која што детално ќе се запознае со економските предизвици со кои што се соочува жената од руралната средина.

Останатите елементи од сторијата ќе се усогласат со медиумската куќа која што ќе биде избрана на повикот.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

***Зголемена информираност и видливост на родовиот економски јаз во руралните средини кај пошироката јавност***

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да достават писмо за интерес со финансиска понуда најдоцна до **20 август 2020 година** **во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*П*роектот "Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница" е финансиран како под-грант во рамките на проектот „Градење на капацитетите на МРР и нејзините членки" спроведуван од Мрежата за Рурален Развој, а финансиран од We Effect и **Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида).**